# Б А Р А Њ Е

## за пристап до информации од јавен карактер

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, бр.86/08, бр.6/10, 42/14, бр.148/15 и бр. 55/16) , од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

Геопросторни податоци (траса со координати во ‘CAT’ или друг формат) за автопатот Скопје – ГП ‘Блаце’.

Во претходното слично мое барање, од 27.11.2020, од вас добив податоци само за првиот дел од автопатот, од граничен премин до Блаце. Ве молам да ми ги испратите геопространите податоци и од другите два дела, односно од Блаце до Скопје.

**Предмет: Одговор на Барање за пристап на информации од јавен карактер**

Во однос на Вашето Барањето за пристап до информации од јавен карактер ве известуваме дека:

Проектот за втората подделница од автопатот А2 ГП Блаце-Скопје (клучка „Стенковец"), односно од клучка за с. Блаце до клучка „Стенковец“ (околу 10.5 км) е се уште во фаза на изработка, што значи дека трасата не е дефинитивно одобрена. Од тие причини во овој момент не можеме да Ви доставиме било какви геопространи податоци бидејќи оваа фаза се смета како фаза на разработка. Во моментот кога трасата ќе биде технички усогласена, ќе биде достапна и за увид на јавноста во рамки на процесот за оцена на влијанието врз животната средина и социјалните аспекти.